**ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ„**
**ОХРИД**

# П Р А В И Л Н И К

**ЗА ПОФАЛУВАЊЕ, НАГРАДУВАЊЕ И ИЗРЕКУВАЊЕ ПЕДАГОШКИ МЕРКИ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ОУ "ХРИСТО УЗУНОВ" - ОХРИД**

Охрид, октомври 2011 година

Врз основа на член 59 и член 60 од Законот за основно образование ( Сл. весник на Македонија бр. 103/2008,33/10,116/2010,156/10,18/11 и 51/11), Правилникот за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во основното училиште (Сл. весник на Македонија бр. 27/96 и 30/01), член 108 од Статутот на ОУ "Христо Узунов" - Охрид дел. Бр.393/1 од 21.07.2011година, Училишниот одбор при ОУ "Христо Узунов„-Охрид на седницата одржана на ден 06.10.2011 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ ПОФАЛБИ, НАГРАДИ И ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ И НАЧИНОТ НА НИВНАТА ПРИМЕНА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### член 1

Со овој Правилник се утврдуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците на ОУ „Христо Узунов„ - Охрид, како и начинот на нивната примена.

## II. ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

### член 2

Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение, кои покажале високи резултати во наставата и вонннаставните активности, можат да бидат пофалувани и наградувани.

### член 3

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за позитивните успеси во воспитно-образовната дејност.

### член 4

Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка група, ученичка секција, екипа и паралелка во текот и на крајот на учебната година односно на патрониот празник на училиштето.

член 5

На крајот на секоја година се избира *ученик на генерацијата.*

член 6

Титулата *првенец на генерацијата* ја добива ученик од VIII одделение кој покрај примерното поведение и позитивното однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на други ученици, почитување на наставниците и другите вработени во училиштето и сл.) ги исполнува и следните услови:

| | |
|---|---|
| 🖉 Континуиран одличен успех | 50 бодови |
| 🖉 Учество на државни натпревари<br>а) за освоено прво место<br>б) за освоено второ место<br>в) за освоено трето место | <br>25 бодови<br>10 бодови<br>5 бодови |
| 🖉 Учество на општински натпревари<br>а) за освоено прво место<br>б) за освоено второ место<br>в) за освоено трето место | <br>6 бодови<br>3 бодови<br>1 бод |
| 🖉 Учество во СУА | 5 бодови |
| 🖉 Учество на натпревари со екипа на училиштето | 5 бодови |
| 🖉 Учество на распишани државни конкурси по разни поводи<br>а) за добиена прва награда<br>б) за добиена втора награда<br>в) за добиена трета награда | <br>8 бодови<br>5 бодови<br>2 бодови |
| 🖉 Учество на распишани општински конкурси по разни поводи<br>а) за добиена прва награда<br>б) за добиена втора награда<br>в) за добиена трета награда | <br>3 бодови<br>2 бодови<br>1 бод |
| 🖉 Учество на квизови<br>а) за освоена награда | <br>5 бодови |

член 7

Се пофалуваат и наградуваат и ученици за залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и др.).

член 8

Пофалби и награди се доделуваат и на:

а) паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.
Се пофалува и наградува една паралелка од I-IV одделение и една паралелка од V-VIII одделение;
б) група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место и сл.) на натпревари;
в) паралелка, група и секција која постигнала најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и надвор од него (производствена, хуманитарна, културна и др.).

член 9

Предлог за пофалби и награди даваат учениците, одделенскиот наставник, предметниот наставник и училишна комисија.

Предлогот се доставува во писмена форма со образложение до училишната комисија.

Училишната комисија предлогот го доставува до Одделенскиот совет, освен предлогот за првенец на генерација кој се доставува до Наставничкиот совет.

член 10

Училишната комисија ја избира Наставничкиот совет и мандатот на нејзините членови трае две години.

Училишната комисија ја сочинуваат седум члена (два одделенски, три предметни наставници, еден член од Советот на родители и еден од Училишниот одбор).

член 11

Обврски на Комисијата се:
- да ги прими предлозите
- ги провери податоците од педагошката документација и евиденција за учениците што се предложени за наградување и пофалување и истите да му ги предложи на Одделенскиот совет
- еден месец пред изборот да го утврди видот на пофалбите и наградите и да ги предложи на Наставничкиот совет.
- За носителот на титулата првенец на генерацијата изготви ранг листа со бодови.

член 12

Наставничкиот совет донесува одлука за видот на пофалби и награди.

Со одлуката на Наставничкиот совет за видот на пофалби и награди се запознава Советот на родители и Училишниот одбор.

член 13

Одлука за пофалби и награди донесува Одделенскиот совет, освен одлуката за *првенец на генерацијата* која ја донесува Наставничкиот совет.

За одлуката Одделенскиот совет го информира Наставничкиот совет.

член 14

Одлука за *првенец на генерацијата* донесува Наставничкиот совет.

Титулата *првенец на генерацијата* ја добива ученикот кој ќе добие најмногу бодови.

Во случај на повеќе кандидати со ист број на бодови, се одлучува со тајно гласање.

член 15

За донесените одлуки на Одделенскиот совет и Наставничкиот совет се известуваат Советот на родители и Училишниот одбор.

член 16

Пофалбите се доделуваат усно и писмено.

Усните пофалби ги изрекува одделенскиот наставник, предметните наставници,педагог, психолог и директорот.

Писмените пофалби се доделуваат во вид на диплома пофалници и благодарници.

Наградите се доделуваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за филмски, театарски и други културно-уметнички претстави, платен престој во летувалиште, претплата на весници и списанија, ученички прибор и сл.).

член 17

Формата и текстот на Дипломата, Пофалницата и Благодарницата се прикажани во Прилог 2 и Прилог 3 кои се дел од овој Правилник.

член 18

Доделувањето на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од училиштето и родителите.

член 19

За пофалбите и наградите се води евиденција во училиштето.

## III. ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

член 20

Педагошките мерки се применуваат кон учениците кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот, а со цел да се постигне чувство на одговорност и спречување на негативни појави.

член 21

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Забрането е телесно и психичко малтретирање на учениците.

член 22

Педагошки мерки се:

1. укор(неодобрување на постапката);
2. усна опомена;
3. писмена опомена;
4. намалување на поведението;
5. преместување на ученикот во друга паралелка;
6. преместување на ученикот во друго основно училиште.

член 23

Педагошките мерки за учениците од V-VIII одделение ги изрекува:

1. укор - одделенски раководител, Одделенски совет, Наставнички совет, директор;
2. усна и писмена опомена - одделенски раководител;

3. намалување на поведение - Одделенски совет, Наставнички совет, директор;
4. преместување на ученик во друга паралелка - Одделенски совет, Наставнички совет, директор;
5. преместување на ученик во друго основно училиште - Наставнички совет, директор.

член 24

Спрема учениците од I-IV одделение се применуваат педагошки мерки од член 22, точка 1 и 2 од овој Правилник.

Педагошките мерки од став 1 на овој член ги изрекува одделенскиот наставник.

член 25

Педагошките мерки се применуваат во следните случаи:

- нередовно посетување на училиштето;
- непочитување на куќниот ред (кодексот на однесување) на училиштето (Прилог 1);
- нарушување на правилата на однесување спрема другите ученици, наставници и возрасни во училиштето;
- насилно однесување(поттикнување на омраза, предизвикување тепачка, учество во тепачка, психичко и сексуално малтертирање)
- неправилен однос кон училишниот имот;
- за попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето.
-

член 26

Пред изречување на педагошка мерка претходи разговор со ученикот и родителот или старателот.

Разговорот може да го води одделенскиот наставник, предметниот наставник, одделенскиот раководител, стручните соработници, а по потреба и директорот и истиот се евидентира во забелешка.

член 27

За нередовно посетување на училиштето од страна на ученикот се изрекуваат следните педагошки мерки:

- укор (неодобрување на постапката), за 1-2неоправдани изостаноци;
- усна опомена, за 3-5 неоправдани изостаноци;

- писмена опомена, за 6-9 неоправдани изостаноци;
- намалување на поведението (добро), за 10-15 неоправдани изостаноци;
- намалување на поведението (незадоволително), 16-20 неоправдани изостаноци.

член 28

Доколку ученикот продолжи неоправдано да отсуствува од часови и по изрекувањето на најстрогата педагошка мерка од овој член а исто така применети се сите постапки од член 26 и член 27, Училиштето постапува според Законот за основно образование и може да му изрече преместување во друга паралелка.

член 29

За непочитување на Куќниот ред на училиштето се изрекуваат следните педагошки мерки:

Доколку ученикот задоцнил на час, во одделенскиот дневник само се евидентира неговото доцнење и времето на доцнење.

Педагошка мерка се изрекува за:

1-2 пати доцнење, укор;

3-5 пати доцнење, усна опомена;

6-9 пати доцнење, писмена опомена

10-15 пати доцнење, намалување на поведението (добор);

Повеќе од 15 пати доцнење, намалување на поведението (незадоволително).

Доколку ученикот не е присутен на часот повеќе од 15 минути се смета за отсутен.

Оправданоста т.е. неоправданоста на отсуството ја одредува одделенскиот наставник.

член 30

За непочитување на социјално прифатливите облици на однесување, дискриминација, непријателство и насилство причинето со навредување, омаловажување, исмејување се изрекуваат следните педагошки мерки:

За омаловажување, исмејување,навредување на ученик,до 2 пати се изрекува укор;

3-5 пати, усна опомена;

6-9 пати, писмена опомена;

10-15 пати ,намалување на поведението (добро);

15-20 пати ,намалување на поведението (незадоволително).

Ако кај ученикот претходните мерки не дале позитивни резултати, односно не го променил своето однесување, му се изрекува мерката -преместување во друга паралелка.

член 31

За навреда, исмејување и непочитување на личноста на наставникот и други возрасни лица во училиштето е изрекуваат постапно педагошките мерки од член 22 точка 3,4,5 и 6 на овој правилник.

член 32

За поттикнување, предизвикување, и учество во тепачка постапно се изрекуваат педагошките мерки од член 22 точка 3,4,5 и 6.

За физичка повреда на ученик, наставник и други возрасни лица во училиштето, во зависност од повредата се изрекуваат педагошки мерки од член 22 точка 3,4,5 и 6.

член 33

За неправилен однос кон училишниот имот се изрекуваатпедагошки мерки.

Ученикот што намерно ќе уништи училишниот имот со кршење, оштетување, удирање,скокање,пишување на клупи и по ѕидови должен е да ја надомести штетата на , начин пропишан во Правилникот за ќукен ред, и ќе му биде изречена педагошка мерка од член 22 точка4 и 6 во зависност од висината на штетата.

Висината на штетата ќе ја утврди посебна Комисија.

Ако штетата е предизвикана случајно или ненамерно тогаш му се изрекува укор, ако се повторува и се предизвикува штета од невнимание му се изрекува педагошка мерка јавна опомена и писмена опомена.

член 34

За уништување на педагошката евиденција и документација и кражби на училишен имот се изрекува педагошка мерка незадоволително поведение и префрлување во друго основно училиште, во зависност од тежината на престапот.

член 35

За попречување на воспитно-образовната работа во паралелката, ученикот се евидентира во одделенската книга на местото за забелешки.

Под попречување на воспитно-образованата се смета: разговор на час, шепотење, довикнување, расправање, фрлање со предмети( на хартиени авиончиња), шетање во училница ,препишување, презборување на наставник станување и други случаи кои доведуваат попречување.

Педагошката мерка се изрекува ако ученикот е повеќе пати евидентиран, и тоа:

- 3 пати, укор;
- 4-6 пати, усна опомена;
- 7-10 пати, писмена опомена ;
- 10-15 пати, намалување на поведение (добро);
- Повеќе од 15-20 пати, намалување на поведението (незадоволително)
- Над 20 префрлување во друга паралелка.

Доколку ученикот продолжи со слично однесување со кое го попречува воспитно-образовниот процес и во новата паралелка, се изрекува педагошка мерка префрлување во друго основно училиште.

член 36

Потребата од изрекување педагошка мерка ја утврдува одделенскиот раководител, по разговор со учениците, наставниците и стручниот работник.

член 37

Одделенскиот наставник, одделенскиот раководител и предметниот наставник се должни да ги спроведуваат мерките од Правилникот и навремено да ја известуваат стручната служба за променетото однесување на ученикот или непочитувањето на куќниот ред.

член 38

Предлог за изрекување на педагошка мерка од член 22 точка 4 до 6 до Одделенскиот совет, Наставничкиот совет, и директорот може да даде одделенски раководител,раководителот на паралелката предметен наставник, педагог и психолог.

Предлогот за изрекување на педагошките мерки е прифатен ако постои мнозинство на гласови на Одделенскиот и Наставничкиот совет.

Одлуката за изрекување на педагошка мерка се донесува со мнозинство на гласови.

Одлуката се донесува во писмена форма и се образложение.

член 39

За изрекување на педагошката мерка преместување на ученик во друго училиште треба да има оправдани причини што се поврзани со неговото однесување како и согласност од училиштето кое ќе го прифати.

Директорот формира Комисија која ќе ја цени оправданоста на причините за префрлање на ученикот во друго училиште.

Комисијата од претходниот став на овој член е составена од одделенскиот раководител или раководителот на паралелката, двајца наставници, психолог или педагог во училиштето и претседателот на Советот на родители.

член 40

Комисијата од претходниот член пред донесување на оценка за оправданоста на причините, води разговор и соработува со родителот на ученикот.

Комисијата е должна да поднесе извештај за постоењето или непостоењето на оправданоста за причините што се поврзани со однесувањето на ученикот.

Комисијата извештајот го доставува до директорот.

член 41

По извештајот од Комисијата, Наставничкиот совет , директорот носи одлука.

Ако училиштето не може да обезбеди преминување на ученикот во друго училиштето, тогаш поднесува барање за обезбедување преминување на ученик во друго училиште до Општинската комисија .

член 42

За изречената педагошка мерка на ученикот се известува родителот односно старателот.

За изречените педагошки мерки од член 22 точка 3 до 6 од овој Правилник се поднесува приговор во рок од седум дена од денот на известувањето.

Приговорот се поднесува до Училишниот одбор.

За приговорот одлучува Училишниот одбор.

член 43

Изречените педагошки мерки се евидентираат во педагошката документација.

член 44

Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, на наредниот Одделенски совет изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува.

## IV СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

член 45

Родителот односно старателот се упатува на советување, ако:

-ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе наставни предмети,

-ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци,

-ученикот е недисциплиниран,

-ученикот го навреди наставникот,

-ученикот учествува во тепачка или други форми на насилство,

-ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување,

-ученикот се однесува неморално или неетички и

-во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

член 46

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател од член 45 на овој правилник со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава.

Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба.

член 47

Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од член 46 ставот (2) на овој член.

Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку 8 дена пред одржувањето на советувањето.

Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата е должен за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето.

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот.

Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето согласно со основите од ставот (1) на овој член.

Советувањето од членот 44 на овој правилник го врши психологот во училиштето согласно законот за основно образование и статутот на учулиштето.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 48

Овој правилник може да се менува, дополнува на начин и постапка како и при неговото донесување.

член 49

Овој правилник влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување на огласна табла на училиштето.

УЧИЛИШЕН ОДБОР

Број 01-518/1 Претседател,

_ 2011 година Лидија Цветковиќ